# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Јануари- Март 2026
Janar- Mars 2026



**ЗЕЛС**
**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**BNJVL**
**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**



Почитувани,

Од почетокот на оваа година, заклучно со месец март, ЗЕЛС реализираше низа активности за кои подетално е образложено во овој број на Гласило на ЗЕЛС. Управниот одбор на ЗЕЛС, на 30 јануари 2026 година, во административната зграда на ЗЕЛС, ја одржа втората седница. Присутните изнесоа повеќе актуелни предизвици со кои се соочуваат општините; номинираа претставници во повеќе домашни и странски организации каде што членува ЗЕЛС и ги разгледуваа можностите за надминување на состојбите во кои се наоѓаат јавните комунални претпријатија. На седницата присуствуваше и министерот за јавна администрација Горан Минчев, кој се залагаше за неопходно забрзување на процесот за пополнување на базата на податоци во Информацискиот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР). Дел од присутните иницираа и дополнителни точки, како што беше дискусијата за потребата од продолжување на рокот за важноста на Законот за постапување со бесправно изградените објекти. Ставот на Управниот одбор, преточен во иницијатива, беше доставен до релевантните институции и до Собранието на РСМ, и беше прифатен, односно рокот беше пролонгиран за уште пет години.

Во овој период, седница одржа и Комисијата за животна средина и комунални дејности при ЗЕЛС, прва по ред. Се дискутираше за предизвиците пред кои се наоѓаат ЈКП по неодамна донесените пресуди на Европскиот суд за човекови права, кои се однесуваат на наплата на паричните побарувања. Исто така се дискутираше и за продолжување со активностите во однос на утврдените предлог-иницијативи за измени и дополнувања на трите закона: Законот за води; Законот за вода за пиење и одведување на отпадни води и Законот за комунални дејности.

Како и досега, ЗЕЛС посебно внимание посвети и на поддршката на општинската администрација, па така, во соработка со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (МЕРМС) беше организирана работна средба за подетално запознавања со обврските од Законот за енергетика, донесен во мај минатата година, а со претставниците од Министерството за социјална политика, демографија и млади се дискутираше за обврската за доставување на годишните извештаи за родова еднаквост на општините до МСПДМ.

Од 26 март 2025 година па до средината на април, ЗЕЛС, во соработка со УНДП, започна серија советувања за општинските советници во насока на нивно подетално запознавање со организацијата и надлежностите на единиците на локалната самоуправа; правната рамка на која се гради локалната власт; обврските на општинскиот совет, како и улогата на ЗЕЛС како единствена организација во која се обединети сите општини во земјата. Советувањата се организираат регионално, со цел да се обезбеди учество на сите советници, а во овој период беа одржани обуките за советниците од општините од Скопскиот, Североисточниот, Источниот и Југоисточниот Регион, во Скопје, Куманово и во Штип.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

BNJVL realizoi një sërë aktivitetesh në periudhën nga fillimi i këtij viti, përfshirë edhe muajin mars për të cilat më detajisht do të lexoni në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së. Bordi drejtues i BNJVL-së, më 30 janar, 2026 në ndërtesën administrative të BNJVL-së mbajti seancën e dytë. Të pranishmit parashtruan më shumë sfida aktuale me të cilat ballafaqohen komunat; nominuan përfaqësues në disa organizata vendore dhe të huaja ku anëtare është BNJVL dhe i shqyrtoi mundësitë për tejkalimin e gjendjeve në të cilat ndodhen ndërmarrjet publike komunale. Në seancë morri pjesë Ministri për administratë publike Goran Minçev, i cili përpiqej për përshpejtim të domosdoshëm të procesit për plotësimin e bazës të të dhënave në Sistemin e informacionit për menaxhim me resurset njerëzore (SIMRNJ). Një pjesë e të pranishmëve iniciuan edhe pika plotësuese, siç ishte diskutimi për nevojën nga vazhdimi i afatit të Ligjit për veprim me objektet e ndërtuara pa leje. Qëndrimi i Bordit drejtues, i shndërruar në iniciativë u dërgua tek institucionet relevante dhe deri te Kuvendi i RMV dhe i njëjti u pranua, respektivisht afati u prolongua edhe për pesë vite.

Në këtë periudhë, seancë mbajti edhe Komisioni për mjedis jetësor dhe veprimtari komunale në kuadër të BNJVL-së, i pari me radhë. Diskutuan mbi sfidat para të cilave ndodhen NPK pas vendimeve të fundit të Gjykatës Evropiane të të Drejtave të Njeriut, të cilat kanë të bëjnë me ekzekutimin e kërkesave monetare. Gjithashtu, u diskutua mbi vazhdimin e aktiviteteve në fushën e propozimeve të përcaktuara për ndryshime dhe plotësime në tre ligje: Ligjin për Ujin; Ligjin për Ujin e Pijshëm dhe Largimin e Ujërave të Zeza dhe Ligjin për Veprimtaritë Komunale.

BNJVL si edhe deri më tani vëmendje të veçantë i kushtoi edhe përkrahjes së administratës komunale, e në këtë mënyrë në bashkëpunim me Ministrinë për energji, miniera dhe lëndëve të para (MEMLP) u organizuan takime pune për informim më detajues me obligimet e Ligjit për energjetikë, të miratuar në maj vitin e kaluar, ndërsa me përfaqësuesit e Ministrisë për politikë sociale, demografi dhe të rinj u diskutua mbi obligimin për dorëzimin e raporteve vjetore për barazi gjinore të komunave deri te MPSDR.

Nga 26 marsi 2026 e deri në mesin e prillit, BNJVL në bashkëpunim me UNDP, filloi një sërë këshillimesh për këshilltarët me qëllim të informimit të tyre me organizatën dhe kompetencat e njësive të vetëqeverisjes lokale; korniza ligjore mbi të cilën është ndërtuar qeverisja lokale; detyrimet e Këshillit komunal, si dhe roli i BNJVL-së si e vetmja organizatë në të cilën janë të bashkuara të gjitha komunat në vend. Këshillimet organizohen nëpër rajone, me qellim sigurimi pjesëmarrjeje të të gjithë këshilltarëve, ndërsa në këtë periudhë u mbajtën trajnime për këshilltarët nga komunat nga Rajoni Planifikues i Shkupit, Rajoni Verilindor, Lindor dhe Juglindor në Shkup, Kumanovë dhe në Shtip.

Me respekt,

Dushica Perishiq ,
Drejtoreshë ekzekutive e BNJVL-së

**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

тел. +389 (0) 2 30 99 033
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија

**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема Мехмети
**Подготвила:** Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Арта Абази
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка:**
Никола Тодоровски, Карина Доневска

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

tel. +389 (0) 2 30 99 033
rr. Kopenhagenska nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut

**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendës drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema Mehmeti
**Përgatiti:** Vesna Arsovska-Dinkovska
**Përkthim:** Arta Abazi
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje:**
Nikola Todorovski, Karina Donevska



## УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЗЕЛС ЈА ОДРЖА ВТОРАТА СЕДНИЦА

Управниот одбор на ЗЕЛС, на 30 јануари 2026 година, во просториите на ЗЕЛС, ја одржа втората седница. Присутните дискутираа за значајни предизвици со кои се соочуваат општините при спроведувањето на надлежностите, а исто така номинираа и претставници од ЗЕЛС за членови во одредени домашни и странски институции. Претседателот на ЗЕЛС Орце Ѓорѓиевски им честиташе на членовите на Управниот одбор за изборот, посака голема ангажираност од секој поединечно и изнесе одредени приоритети за реализација, меѓу кои ја нагласи важноста за реализирање на иницијативата за воведување на општинска комунална полиција.

### Неопходно забрзување на процесот за пополнување на базата на податоци во Информацискиот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР)

На почетокот на седницата на УО присуствуваше и министерот за јавна администрација Горан Минчев, кој ја нагласи потребата од забрзување на процесот на реализација на обврските на сите јавни институции во државата за внесување на потребните податоци во надградениот и модернизиран Информациски систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР). Станува збор за единствен регистар на државата во кој ќе се евидентираат

## BORDI DREJTUES I BNJVL-SË MBAJTI SEANCËN E DYTË

Bordi drejtues i BNJVL-së më 30 janar, 2026, në hapësirat e BNJVL-së mbajti seancën e dytë. Të pranishmit diskutuan mbi sfidat e rëndësishme me të cilat ballafaqohen komunat gjatë zbatimit të kompetencave, ndërsa gjithashtu nominuan edhe pjesëmarrës nga BNJVL për anëtarë në institucionet vendore dhe të huaja. Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, anëtarëve të Bordit drejtues u uroi për zgjedhjen e tyre, u dëshiroi angazhim të madh dhe përmendi prioritete të caktuara për realizim, midis të cilave theksoi rëndësinë për realizimin e iniciativës për sigurimin e policisë komunale.

### Përshpejtim i domosdoshëm i procesit të plotësimit të bazave të të dhënave në Sistemin e informacionit për menaxhim me resurset njerëzore (SIMRNJ)

Në fillim të seancës së BD, morri pjesë edhe ministri për administratë publike, Goran Minçev, i cili theksoi nevojën për përshpejtimin e procesit të realizimit të obligimeve nga ana e të gjitha institucioneve publike në shtet për vendosjen e të dhënave të nevojshme në Sistemin e avancuar dhe modernizuar të informacionit për menaxhim me resurset njerëzore (SIMRNJ). Bëhet fjalë për regjistrin e vetëm në shtet, në të cilin do të evidentohen të gjitha të dhënat për të






сите податоци за вработените во институциите на јавниот сектор, нивната кариера, напредување. Истовремено ќе се обезбеди и точна пресметка на платите, што дополнително ќе обезбеди голема заштеда на средствата што досега овие институции ги трошеле за ваква намена. Беше забележано дека Министерството за јавна администрација и покрај двата дописа, испратени до сите институции во изминатиот период, се соочува со неажурност во нивното спроведување. Министерот укажа дека вкупниот број вработени во општините и правните лица основани од општините и Градот Скопје изнесува 53 408, распоредени во 796 институции, од кои во 34 институции воопшто нема податоци за вработените. Вработени без внесени податоци за адреса има 17 915 (33,5 %). Вработени без внесени податоци за образование има 28 418 (53,2 %). Вработени без внесени податоци за плата има 48 411 (90,6 %). Министерот посочи и дека актите за систематизација не се усвоени воопшто кај дел од нив, а дека има и голем број локални установи кои имаат изработено само нацрт-акти за систематизација. Затоа Министерството во овој период ги зајакнува активностите на заемно координирање, за да не биде принудено во блиска иднина да пристапи и кон спроведување на законските одредби за казнување, поради непостапување или, во координација со УЈП, да утврди забрана за исплата на платите во оние институции што не постапиле навремено и целосно. Министерот Минчев побара преку ЗЕЛС дополнително да се испратат дописи до општините, при што нагласи дека ќе биде утврден список на лица со кои претставниците од општините ќе може да комуницираат доколку имаат нејасни прашања. Беше посочено дека како досега така и во следниот период Министерството ќе продолжи со одржување на обуките за спроведување на целата постапка, двапати во неделата со физичко присуство и онлајн, а доколку е потребно ќе бидат испратени екипи во општината или институцијата основана од општината за реализирање и на непосредна помош.

punësuarit në institucionet në sektorin publik, karrierën e tyre, avancimin por edhe sigurimin e kalkulimit të saktë të rrogave, që do të shtojë sigurimin më të madh të kursimit të mjeteve që deri më tani çdonjëra nga këto institucione i ka shpenzuar lidhur me këtë dedikim. U vërejt se Ministria për administratë publike edhe krahas dy shkresave të dërguara te të gjitha institucionet në periudhën e kaluar ballafaqohet me lëshime në zbatimin e tyre. Ministri përmendi se numri i përgjithshëm i të punësuarve në komunë dhe personat juridikë të themeluar nga komunat dhe Qyteti i Shkupit përmban 53.408, të ndarë në 796 institucione, prej të cilëve në 34 institucione akoma nuk ka të dhëna për të punësuarit. Të punësuar pa të dhëna për adresa të sakta ka 17.915 (33,5%). Të punësuar pa të dhëna të shënuara për arsim ka 28.418 (53,2%). Të punësuar pa të dhëna për rrogat: 48.411 (90,6%). Ministri theksoi gjithashtu se aktet e sistematizimit nuk janë miratuar fare në disa prej tyre, dhe se ka një numër të madh institucionesh lokale që kanë hartuar vetëm propozim-akte të sistematizimit. U vërejt se Ministria për administratë publike edhe krahas dy shkresave të dërguara te të gjitha institucionet në periudhën e kaluar ballafaqohet me lëshime në zbatimin e tyre. Prandaj, Ministria po i forcon aktivitetet e saj të koordinimit të ndërsjellë gjatë kësaj periudhe, në mënyrë që të mos detyrohet në të ardhmen e afërt të zbatojë edhe dispozitat ligjore për dënimin për mosveprim ose në koordinim me DAP, të vendosë ndalesë për pagesën e pagave në ato institucione që nuk kanë vepruar në kohë dhe në mënyrë të plotë. Ministri Minçev kërkoi që komunave t'u dërgohen letra përmes BNJVL-së, duke theksuar se do të krijohet edhe një listë e ekipeve mbështetëse, përkatësisht një listë e personave me të cilët përfaqësuesit e komunave do të mund të komunikojnë nëse kanë pyetje të paqarta. U theksua se, si më parë, edhe në periudhën e ardhshme, Ministria do të vazhdojë të mbajë trajnime për zbatimin e të gjithë procedurës, dy herë në javë me prani fizike dhe online, dhe nëse është e nevojshme, ekipet do të dërgohen në komunë ose në institucionin e themeluar nga komuna për zbatim dhe ndihmë të drejtpërdrejtë.





### Номинирани претставници од ЗЕЛС во повеќе домашни и странски организации каде што членува

На дневен ред на седницата беа поставени повеќе точки за номинирање на членови од ЗЕЛС во домашни и странски органи и тела, каде што ЗЕЛС има свои претставници. Беше договорено дека за дел од номинациите ќе се направат дополнителни координации во насока на избор на соодветни лица што одговорно и ефикасно ќе ги реализираат дадените обврски за да не се повторат некои ситуации од претходниот мандат, кога некои од именуваните лица воопшто и не учествувале на закажаните состаноци. Управниот одбор на ЗЕЛС на оваа седница гласаше за тројца членови и нивни заменици во Советот на Европа и по двајца членови во состав на Советот за статистика на РСМ при Државниот завод за статистика, потоа двајца членови во Комисијата за утврдување на критериуми за распределба на опрема и средства за територијалните противпожарни единици при Дирекцијата за заштита и спасување и еден претставник од ЗЕЛС во Националниот совет за евроинтеграции во Собранието на РСМ. Управниот одбор ги избра и претседателите на трите комисии во ЗЕЛС: Комисијата за животна средина и комунални дејности, Комисијата за социјална работа и Комисијата за урбанизам, по што ќе следува и изборот на членови во овие комисии.

### Поддржано барањето од Здружението на јавните комунални претпријатија (АДКОМ)

Присутните на седницата го разгледаа и доставеното барање од Здружението на јавните комунални претпријатија (АДКОМ) поврзано со пресудите на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) донесени по тужба на повеќе приватни компании за неспроведување на правосилни домашни судски одлуки од страна на некои државни и општински јавни претпријатија, што се повикувале на одредбите за т. н. „нужни средства за работење“ согласно со Законот за извршување. Според пресудите, државата е должна во рок од три месеци да обезбеди средства и да овозможи раздолжување на

### Përfaqësues nga BNJVL u nominuan në disa organizata vendore dhe të huaja

Në rend dite të seancës u parashtruan më shumë pika për nominimin e anëtarëve të BNJVL-së në organet dhe trupat vendore dhe të huaja, ku BNJVL ka përfaqësues të saj. U dakordua që për një pjesë të nominimeve do të bëhen koordinime plotësuese në drejtim të zgjedhjes së personave adekuatë që me përgjegjësi dhe efikasitet do të realizojnë obligimet e dhëna që mos të përsëriten disa situata nga mandati i kaluar, ku disa persona të emëruar as nuk kanë marrë pjesë në mbledhjet e caktuara. Bordi drejtues i BNJVL-së në këtë seancë votoi për tre anëtarë dhe zëvendës të tyre në Këshillin e Evropës. Gjithashtu u zgjodhën dy anëtarë në Këshillin e Statistikës së RMV-së në Entin shtetëror të statistikës, pastaj dy anëtarë në Komisionin për përcaktimin e kritereve për shpërndarjen e pajisjeve dhe mjeteve për njësitë territoriale të zjarrfikësve në Drejtorinë për mbrojtje dhe shpëtim dhe një përfaqësues nga BNJVL në Këshillin Nacional për Integrime Evropiane në Kuvendin e RMV-së. Pas koordinimit shtesë, do të përcaktohen edhe anëtarët e Komitetit të Këshillave në BNJVL. Gjithashtu Përveç kësaj, do të përcaktohet përbërja e BNJVL-së, e cila do të përbëhet nga shtatë anëtarë në Komisionin për Monitorimin e Zhvillimit të Sistemit të Financimit të Komunave, si dhe njëmbëdhjetë anëtarë dhe po aq zëvendës të tyre në Komitetin e Përbashkët Konsultativ midis RMV-së dhe Komitetit të Rajoneve të Bashkimit Evropian. Në këtë seancë u zgjodhën edhe kryetarët e tre komisioneve në BNJVL, Komisioni për Mjedisin Jetësor dhe Veprimtaritë Komunale, Komisioni për Punë Sociale dhe Komisioni për Urbanizëm, pas së cilës do të bëhet zgjedhja e anëtarëve në to.

### U përkrah kërkesa nga Shoqata e ndërmarrjeve komunale publike (ADKOM)

Të pranishmit në seancë shqyrtuan edhe kërkesën e dërguar nga Shoqata për ndërmarrje komunale (ADKOM) lidhur me vendimet e Gjykatës Evropiane të të drejtave të njeriut (GJEDNJ) të lëshuara pas një padie nga disa kompani private për moszbatim të vendimeve të formës së prerë të gjykatave vendase nga ndërmarrjet publike shtetërore dhe






долговите на јавните претпријатија кон приватните компании. Примената на овие одлуки ќе има значајни последици за непречено спроведување на комуналните услуги во земјата, поради значителните финансиски импликации врз ЈКП. Во таа насока, Управниот одбор го поддржа ова бар ање и донесе заклучок за формирање на преговарачки тим, кој ќе биде предводен од претседателот на ЗЕЛС Орце Ѓорѓиевски, кој во најбрз рок треба оствари средба со претседателот на Владата на РСМ Христијан Мицкоски, за изнаоѓање на најсоодветни решенија за надминување на предизвикот.

## Управниот одбор го поддржа и барањето на граѓанската иницијатива „Стоп за УСЈЕ"

Управниот одбор го разгледа и го поддржа и барањето доставено до ЗЕЛС од страна на граѓанската иницијатива „Стоп за УСЈЕ", во кое е изразено незадоволството од загадувањето поради согорување на токсичен отпад што предизвикува сериозна закана по здравјето на сите граѓани на Скопје. За да се надминат овие состојби, се предлага поставување на повеќе мерни станици во просторот околу УСЈЕ и на оџаците; континуирани мерења 24/7 и јавно прикажување на податоците во реално време; инсталирање на автоматски CEMS кој ќе биде директно поврзан со МЖСПП за континуирано следење, аларм и казнување. При надминување на граничните вредности на загадување, автоматски да стапува на сила мерката за целосен престанок на работа на фабриката и на рудникот. Исто така се посочува и иницијативата за целосна забрана на употреба на високозагадувачки горива во производниот процес на Усје и премин кон почисти енергенти, како што е гасот или водородот.

## Изнесени повеќе актуелни предизвици со кои се соочуваат општините

На оваа седница на Управниот одбор на ЗЕЛС дневниот ред беше надополнет со неколку предлози од општините Битола и Тетово, а се дискутираше и за прашања изнесени од градоначалниците на општините: Ново Село, Сарај, Сопиште и Македонска Каменица, за актуелните предизвици со кои се соочуваат локалните

komunale, të cilat u thirrën në dispozitat mbi të ashtuquajturat "mjete të nevojshme të funksionimit" në përputhje me Ligjin për ekzekutim. Në bazë të aktgjykimeve, shteti është i obliguar që në afat prej tre muajsh të sigurojë mjete dhe të mundësojë lehtësimi i borxhit të ndërmarrjeve publike ndaj kompanive private. Zbatimi i këtyre vendimeve do të ketë pasoja të rëndësishme për zbatimin e papenguar të shërbimeve komunale në vend, për shkak të implikimeve të rëndësishme financiare mbi NPK. Në këtë drejtim Bordi drejtues përkrah kërkesën në fjalë dhe konkludoi se duhet formuar ekip negociues, që do të udhëhiqet nga Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski i cili në afat sa më të shkurtër duhet të realizojë takim me Kryeministrin e RMV-së Hristijan Mickoski, lidhur me gjetjen e zgjidhjeve të adekuate për tejkalimin e kësaj sfide.

## Bordi drejtues përkrahi edhe kërkesën e iniciativës civile „Stop për USJE"

Bordi drejtues shqyrtoi dhe mbështeti gjithashtu kërkesën e paraqitur në BNJVL nga iniciativa qytetare "Stop për USJE", duke shprehur pakënaqësi për ndotjen për shkak të djegies së mbeturinave toksike që përbën një kërcënim serioz për shëndetin e të gjithë qytetarëve të Shkupit. Për të kapërcyer këto gjendje, propozohet të instalohen më shumë stacione matëse në zonën përreth USJE dhe në oxhaqe; matje të vazhdueshme 24/7 dhe shfaqje publike të të dhënave në kohë reale; instalimi i CEMS automatik që do të jetë i lidhur drejtpërdrejt me MMJPH, për monitorim të vazhdueshëm, alarm dhe dënim. Kur tejkalohen vlerat kufitare të ndotjes, automatikisht duhet të hyjë në fuqi një masë për ndërprerjen e plotë të fabrikës dhe minierës. Gjithashtu tregohet iniciativa për një ndalim të plotë të përdorimit të karburanteve shumë ndotëse në procesin e prodhimit të USJE dhe të bëhet kalim në burime më të pastra energjetike, siç janë gazi ose hidrogjeni.

## U paraqitën shumë sfida aktuale me të cilat ballafaqohen komunat

Në këtë seancë të Bordit drejtues të BNJVL-së, rendi i ditës u plotësua me disa propozime nga komuna e Manastirit dhe Tetovës, ndërsa u diskutua edhe mbi çështje të parashtruara nga kryetarët e komunave: Novo Sello, Saraj,





власти. Во таа насока беше нагласена потребата за дискусија во врска со истекот на рокот за важност на Законот за постапување со бесправно изградените објекти; потребата од измени во Законот за урбанистичко планирање; потоа за иницијативата за зголемување на прагот на висината на средствата, што може да се користи без спроведување на јавна набавка и иницијативата за ставање на едно општинско возило на „белата листа на возила“ што ја утврдува Министерството за внатрешни работи заради одредени повластувања во однос на примената на сообраќајниот систем „паметен град“. Исто така беше нагласена и состојбата во некои општини, со недовршени, а започнати детални урбанистички планови, каде што проектантот не ја обновил лиценцата, а општината нема право да се повика на вториот понудувач во јавната набавка. Во ваква ситуација општината е принудена да започне нова постапка, што ја доведува до дополнителни значајни финансиски трошоци и воедно пролонгирање на многу проекти потребни за развој на економијата и за спроведување на активности на граѓаните. Беше договорено да се иницираат средби со соодветните министри, за транспорт и за внатрешни работи или да се повикаат на идна седница на Управниот одбор на ЗЕЛС за да се отвори подетална дискусија и за овие прашања.

Sopishtë dhe Makedonska Kamenicë, lidhur me sfidat aktuale me të cilat ballafaqohen pushtetet lokale. Në këtë drejtim u theksua nevoja për diskutim lidhur me kalimin e afatit për rëndësinë e Ligjit për veprim me objektet e ndërtuara pa leje; nevoja nga ndryshimet në Ligjin për planifikim urbanistik; pastaj për iniciativat për rritjen e pragut të lartësisë së mjeteve që mund të shfrytëzohet pa zbatimin e furnizimit publik dhe iniciativës për vënien e një automjeti komunal në ”listën e bardhë të automjeteve” të cilën e përcakton Ministria për punë të brendshme për shkak të autorizimeve të caktuara në raport me zbatimin e sistemit të komunikacionit – ”qytet i zgjuar”. Gjithashtu u theksua edhe gjendja në disa komuna, me planet e papërfunduara detajuese urbanistike, ndërsa të cilat tashmë kanë filluar, ku projektuesi nuk e ka rinovuar licencën dhe komuna nuk ka të drejtë t'i referohet ofertuesit të dytë në prokurimin publik. Në një situatë të tillë, komuna detyrohet të fillojë një projekt të ri, gjë që çon në shpenzime shtesë të konsiderueshme financiare dhe në të njëjtën kohë në zgjatjen e shumë projekteve të nevojshme për zhvillimin e ekonomisë dhe për zbatimin e aktiviteteve të qytetarëve. U dakordua të iniciohet me ministri përkatëse: Ministria për transport dhe Ministria për punë të brendshme, ose të ftohen në seancën e ardhshme të Bordit drejtues të BNJVL-së, që të diskutohet më detajisht edhe mbi këto çështje.





## РЕАЛИЗИРАН ТЕОРЕТСКИОТ И ПРАКТИЧНИОТ ДЕЛ ОД ИСПИТОТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ВОДЕЊЕ ПОСТАПКА ЗА ОТУЃУВАЊЕ И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ДРЖАВНО ЗЕМЈИШТЕ

Во соработка со Министерството за транспорт, во периодот од 15 јануари до 18 февруари 2026 година, ЗЕЛС, за претставниците од единиците на локалната самоуправа, организираше полагање на испит за стекнување со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост. Се полагаше и теоретскиот и практичниот дел од испитот во групи од најмногу 15 лица, во просториите на Испитниот центар, во зградата на Македонската радио-телевизија, Скопје. Кандидати кои полагаа, задолжително претходно ја следеле обуката што беше организирана во декември, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот или пак ја следеле во некој од претходните циклуси на спроведени обуки. Повеќе од 100 кандидати го положија испитот и се стекнаа со овластување за водење постапка за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште во државна сопственост. Со стапувањето на сила на измените во Законот за градежно земјиште, од 1 мај 2020 година, општините се исклучиво надлежни да располагаат со државното градежно земјиште што се наоѓа на нивната територија, па

## U REALIZUA PJESA TEORIKE DHE PJESA PRAKTIKE E PROVIMIT PËR MARRJEN E AUTORIZIMIT PËR UDHËHEQJEN ME PROCEDURËN PËR TJETËRSIM DHE DHËNIE ME QIRA TË TOKËS NDËRTIMORE SHTETËRORE

Në bashkëpunim me Ministrinë për transport dhe lidhje, në periudhën nga 15 janari deri më 18 shkurt 2026, BNJVL, për përfaqësuesit e njësive të vetëqeverisjes lokale, organizoi provim për marrjen e lejes për të zhvilluar procedurën për tjetërsimin dhe dhënien me qira të tokës ndërtimore në pronësi të shtetit. Edhe pjesa teorike si dhe pjesa praktike e provimit u zhvilluan në grupe deri në 15 persona, në ambientet e Qendrës së Provimeve, në ndërtesën e Radiotelevizionit të Maqedonisë së Veriut, Shkup. Kandidatët që dhanë provimin duhet të kenë ndjekur më parë trajnimin e organizuar në dhjetor, në hapësirat e Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së ose ta kenë ndjekur atë në një nga ciklet e mëparshme të trajnimit. Më shumë se 100 kandidatë e kaluan provimin dhe morën autorizim për të zhvilluar procedurën për tjetërsim dhe dhënien me qira të tokës ndërtimore në pronësi të shtetit. Me hyrjen në fuqi të ndryshimeve në Ligjin për Tokën Ndërtimore, që nga 1 maji 2020, komunat janë ekskluzivisht kompetente për të disponuar me tokën ndërtimore shtetërore që ndodhet në territorin e tyre, prandaj, nëse nuk kanë numër të

затоа, доколку не располагаат со соодветен број лиценцирани службеници од оваа област, ќе се соочат со одредени пречки во спроведувањето на постапките поврзани со ова земјиште. Во овој циклус на полагање на испитот учествуваа кандидати кои првпат се стекнуваат со овластувањето, но и оние чие овластување истекло по периодот од пет години. Интересот за обуката и за полагање на испитот е голем и ЗЕЛС е во разговори за иницирање на нов циклус на обуки и полагање на испит за заинтересираните кандидати.

mjaftueshëm të zyrtarëve të autorizuar në këtë fushë, do të përballen me pengesa të caktuara në zbatimin e procedurave që lidhen me këtë lloj toke. Në këtë cikël provimesh morën pjesë kandidatë që e marrin autorizimin për herë të parë, si dhe ata, autorizimi i të cilëve ka skaduar pas një periudhe pesëvjeçare. Interesi për trajnimin dhe për dhënien e provimit është i madh dhe BNJVL është në bisedime për të filluar një cikël të ri trajnimi dhe dhënien e provimit për kandidatët e interesuar.

## ИНИЦИЈАЛЕН СОСТАНОК СО ОПШТИНИТЕ ЗА ТОА КАДЕ СЕ ПЛАНИРА ДА МИНУВА БРЗАТА ЖЕЛЕЗНИЧКА ПРУГА

Министерството за транспорт започнува активности за утврдување на проектот за изградба на брза железничка пруга, Коридор 10, за движење на воз со брзина од 160 км/час. Се планира таа да оди паралелно со постојната пруга (која воедно ќе биде надградена и обновена), освен во одредени делови каде што заради задоволување на потребите на брзината на возот, ќе треба да се направат соодветни дополнителни исправувања или други зафати. Овој проект е од стратешко значење за нашата земја, но и за регионот и ќе се спроведува според национално и интернационално законодавство.

## MBLEDHJE FILLESTARE ME KOMUNAT KU PLANIFIKOHET TË KALOJË HEKURUDHA ME SHPEJTËSI TË LARTË

Ministria për transport dhe lidhje fillon aktivitetet për përcaktimin e projektit për ndërtim të hekurudhës së shpejtë, Korridori 10, për lëvizjen e trenit me shpejtësi prej 160 km/h. Planifikohet që kjo të shkojë paralelisht me hekurudhën ekzistuese (e cila njëkohësisht do të mbindërtohet dhe rehabilitohet) ndërsa, përveç në pjesë të caktuara ku për shkak të kënaqjes së nevojave të shpejtësisë së trenit, do të bëhen rregullime adekuate ose edhe punime tjera. Projekti në fjalë ka rëndësi strategjike për vendin tonë, por edhe për rajonin dhe di të zbatohet sipas legjislatives nacionale dhe internacionale.



Со цел навремено информирање на 16-те општини и Град Скопје на чија територија се планира да минува идната пруга, на 4 февруари 2026 година, во просториите на ЗЕЛС беа повикани претставници од овие единици на локалната самоуправа. Беше посочено дека целта на овој иницијален состанок е воспоставување на структуриран канал на заемно информирање и соработка меѓу институциите кои се вклучени во фазите на подготовка на потребните анализи и проекти, со претставници од општините на чија територија би минувала брзата пруга. Претставниците од фирмата „ЕРМ-Италија", една од партнер организациите во процесот на реализација на проектот и организатор на овој состанок, ги информираа присутните со првичните сознанија околу натамошниот процес. Тие го нагласија значењето на ставовите и мислењата на 16-те општини и на Град Скопје, што може да ги дадат, како добри познавачи на теренот околу предвидените локации за градење. Во таа насока одредени општини ги изнесоа и постојните пречки, како на пример: тесна траса во одредено подрачје за дополнување со уште една паралелна пруга; големи и нагли кривини; близина на станбени објекти во одредени делови од постојната железничка пруга; бројни сообраќајни премини во некои населени места; недоволно изградени железнички станици; усогласување со деталните урбанистички планови чија изработка е во тек и слично. Беше договорено во период од две недели, во рамките на секоја општина да се изврши консултација меѓу соодветниот административен кадар и градоначалникот, а потоа во вид на заеднички заклучоци и забелешки, во писмена форма, да се доставаат до посочениот претставник од Министерството за транспорт. Присутните беа информирани дека во фаза на изработка е Студија на изводливост, како и Студија за оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти на пругата.

Me qëllim informimi në kohë të 16 komunave dhe Qytetit të Shkupit, në territorin e të cilit planifikohet të kalojë hekurudha që po ndërtohet, më 4 shkurt, 2026, në hapësirat e BNJVL-së u ftuan përfaqësuesit e këtyre njësive të vetëqeverisjes lokale. U theksua se qëllimi i kësaj mbledhje fillestare është të krijojë një kanal të strukturuar të informacionit të ndërsjellë dhe bashkëpunimit midis institucioneve të përfshira në fazat e përgatitjes së analizave dhe projekteve të nevojshme, me përfaqësues të komunave në territorin e të cilave do të kalojë hekurudha e shpejtë. Përfaqësuesit e kompanisë „ERM- Italija" një nga organizatat partnere në procesin e zbatimit të projektit dhe organizatorë të këtij takimi, i informuan të pranishmit me gjetjet fillestare mbi procesin e mëtejshëm. Ata theksuan rëndësinë e qëndrimeve dhe mendimeve të 16 komunave dhe Qytetit të Shkupit, të cilat ata mund t'i ofrojnë, si ekspertë të mirë në terren rreth vendeve të planifikuara të ndërtimit. Në këtë drejtim, disa komuna paraqitën edhe pengesat ekzistuese, siç janë: një rrugë e ngushtë në një zonë të caktuar për shtim me një hekurudhë tjetër paralele; kthesa të mëdha dhe të mprehta; afërsia e ndërtesave të banimit në pjesë të caktuara të linjës ekzistuese hekurudhore; kalime të shumta të trafikut në disa vendbanime; stacione hekurudhore të ndërtuara në mënyrë të pamjaftueshme; harmonizim me planet e detajuara të planifikimit urban, zhvillimi i të cilave është në proces e të ngjashme. U dakordua që në periudhë prej dy javësh në kuadër të çdo komune të bëhet konsultim midis kuadrit administrativ dhe kryetarit të komunës, ndërsa në vazhdim të shkëmbehen konkluzione dhe vërejtje, në formë të shkruar, t'i dërgohen përfaqësuesit nga Ministria për transport. Të pranishmit u informuan se në fazë të përpilimit është edhe Studimi i fizibilitetit dhe Studimi për vlerësimin e ndikimit mbi mjedisin jetësor dhe aspekti social i hekurudhës.












## ИЗНЕСЕНИ ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ОПШТИНИТЕ ПРИ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

„Утврдување на законска одредба со која ќе се обезбеди задолжително внесување на родовата перспектива во сите планови што ги подготвува општината, во спротивно тие да се сметаат како некомплетни. Обезбедување на обуки за лицата од општинската администрација што ги подготвуваат овие документи, како и за советниците што ги разгледуваат и гласаат за нив на седница на советот на општината. Утврдување на задолжителни активности на општината за јакнење на свеста за родовата еднаквост кај населението. Поедноставување на содржината на годишните извештаи за напредокот на состојбите со еднаквите можности, што општината како законска обврска ги доставува до Министерството за социјална политика, демографија и млади. Обезбедување на Прирачник за обврските и активностите на локалната власт за унапредување на еднаквоста меѓу мажите и жените. Континуирано јакнење на капацитетите на општинските координатори и заменици за еднакви можности и утврдување на законската обврска за систематизирање на оваа работна позиција поради обемноста на обврските што треба да ги реализира општината во оваа област. Продолжување и

## U PARAQITËN SFIDAT E KOMUNAVE RRETH ZBATIMIT TË LIGJIT PËR MUNDËSI TË BARABARTA TË FEMRAVE DHE MESHKUJVE

“Përcaktimi i një dispozite ligjore me të cilën do të sigurohet përfshirja e detyrueshme e perspektivës gjinore në të gjitha planet që përgatit komuna, në të kundërtën ato do të konsiderohen si të paplota. Sigurimi i trajnimeve për personat e administratës komunale që përgatisin këto dokumente, si dhe për këshilltarët që i shqyrtojnë dhe votojnë për to në seancën e Këshillit të komunës. Përcaktimi i aktiviteteve të detyrueshme të komunës për forcimin e vetëdijes për barazinë gjinore te popullsia. Thjeshtësimi i përmbajtjes së raporteve vjetore për përparimin e gjendjeve me mundësi të barabarta që komuna si detyrim ligjor ia dërgon Ministrisë. Sigurimi i një udhëzuesi për detyrat dhe aktivitetet e pushtetit lokal në avancimin e barazisë mes burrave dhe grave. Forcimi i vazhdueshëm i kapaciteteve të koordinatorëve komunalë dhe zëvendësve për mundësi të barabarta dhe përcaktimi i një detyrimi ligjor për sistematizimin e kësaj pozite pune për shkak të volumit të detyrave që duhet të realizojë komuna në këtë sferë. Vazhdimi dhe forcimi i aktiviteteve të koordinuara mes BNJVL-së dhe Ministrisë për mbështetje të komunave dhe për forcimin e kapaciteteve të koordinatorëve/zëvendësve komunalë dhe të Komisioneve për mundësi të barabarta në komunat“.

јакнење на координираните активности меѓу ЗЕЛС и Министерството, за поддршка на општините и за јакнење на капацитетите на општинските координатори/заменици и на комисиите за еднакви можности во општините“.

Ова беа дел од заклучоците што произлегоа од дискусијата на координативната средба што се одржа на 11 февруари 2026 година во просториите на ЗЕЛС, на која присуствуваа координаторите и заменициte за еднакви можности од општините и претставници од Министерството за социјална политика, демографија и млади. На средбата присуствуваа и општинските советници, членови на комисиите за еднакви можности (КЕМ) од неколку општини. Дел од присутните имаат долгогодишно работно искуство во оваа област, а дел беа новоименувани лица кои имаа можност подетално да се запознаат со обврските и заложбите на општината во насока на обезбедување еднакви можности меѓу мажите и жените. Целта на средбата беше да се изнесат предизвиците со кои се соочуваат општините при имплементацијата на Законот за еднакви можности на жените и мажите и да се споделат иницијативите на локалната власт пред претставниците од Министерството, а кои се во насока за унапредување и натамошно соодветно креирање на родови политики на локално и на национално ниво. На средбата, претставниците од општините споделија и низа добри примери од своето досегашно работење, кои секогаш служат за инспирација за нивна примена и во другите општини, но послужија и како пренесување на знаења од поискусните на новоименуваните лица во општините на овие работни задачи.

## Континуирано зголемување на бројот на општински програми со вклучени родови податоци

Дел од присутните нагласија дека сè уште се соочуваат со силен отпор од лицата од одделенијата што ги креираат годишните програми за внесување на родови статистички податоци, а уште помалку и родово сензитивни индикатори. Сепак, не беше мал и бројот на општини кои посочија на континуирано зголемување на бројот на програми што содржат родови податоци. Беше нагласено дека руралните општини немаат доволно кадар кој ќе може целосно да се посвети на оваа важна област од општественото живеење, а притоа посочија дека немаат ни развиен граѓански сектор, кој би можел преку партнерски однос со општината да придонесе за придвижување на

Këto ishin disa nga përfundimet që dolën nga diskutimi në takimin koordinues që u mbajt më 11 shkurt 2026 në hapësirat e BNJVL-së, në të cilin ishin prezentë koordinatorët dhe zëvendësit për mundësi të barabarta nga komunat dhe përfaqësues nga Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe Rinisë. Në takim ishin prezentë edhe këshilltarë komunalë, anëtarë të komisioneve për mundësi të barabarta (KMB) nga disa komuna. Një pjesë e të pranishmëve kanë përvojë të gjatë pune në këtë sferë, ndërsa një pjesë tjetër ishin persona të emëruar së fundmi që patën mundësinë të informohen më hollësisht me detyrat dhe zotimet e komunës në drejtim të sigurimit të mundësive të barabarta mes burrave dhe grave. Qëllimi i takimit ishte të prezantoheshin sfidat me të cilat ballafaqohen komunat gjatë zbatimit të Ligjit për mundësi të barabarta të grave dhe burrave dhe të ndaheshin iniciativat e pushtetit lokal para përfaqësuesve të ministrisë, të cilat janë në drejtim të avancimit dhe krijimit të mëtejshëm përkatës të politikave gjinore në nivel lokal dhe atë kombëtar. Përfaqësuesit nga komunat në takim ndanë gjithashtu një sërë praktikash të mira nga puna e tyre e deritanishme, të cilat gjithmonë shërbejnë si frymëzim për t'u aplikuar edhe në komunat e tjera, por shërbyen gjithashtu si një mënyrë për të transferuar njohuritë nga ata me përvojë te personat e emëruar së fundmi në komunat për këto detyra pune.

## Rritje e vazhdueshme e numrit të programeve komunale për të dhënat e programeve në komunë që përmbajnë të dhëna gjinore

Një pjesë e të pranishmëve theksuan se ende ballafaqohen me një rezistencë të fortë nga personat e departamenteve që krijojnë programet vjetore për përfshirjen e të dhënave statistikore gjinore, e aq më pak edhe indikatorë të ndjeshëm ndaj gjinive. Megjithatë, numri i komunave që theksuan një rritje të vazhdueshme të numrit të programeve në komunë që përmbajnë të dhëna gjinore nuk ishte i vogël. U theksua se komunat rurale nuk kanë kuadro të mjaftueshme që mund të angazhohen plotësisht në këtë sferë të rëndësishme të jetës shoqërore, dhe po ashtu theksuan se nuk kanë as një sektor të zhvilluar civil, i cili mund të kontribuonte për përmirësimin e situatave përmes një marrëdhënieje partneriteti me komunën, siç është rasti me shumë komuna urbane. Pothuajse në të





состојбите, по примерот на голем број урбани општини. Речиси во сите општини беше посочено дека координаторот и заменикот за еднакви можности е именувано лице, кое во исто време има речиси уште десетина именувања за реализирање на други обврски. Сепак, сите посочија дека е охрабрувачки фактот што има и лица кои, при претставувањето на оваа средба, се изјаснија дека по систематизацијата на работни места во општината имаат работна позиција координатор за еднакви можности, но не се именувани.

### Задолжително доставување на годишните извештаи за родова еднаквост на општините до МСПДМ

Претставниците од Министерство за социјална политика демографија и млади: Светлана Цветковска, раководителка на Секторот за еднакви можности во МСПДМ и Селвер Зендели, советник во Секторот, нагласија дека соработката со ЗЕЛС е од исклучително значење и дека ќе продолжи и во следниот период. Тие за дел од годишните извештаи, кои општините ги доставуваат до Министерството, укажаа дека изобилуваат со податоци и покажуваат напредок, но дека добиваат и празен формулар на кој стои само потпис и печат од општина. Посочија и на законска можност за санкционирање на ваквите постапки, но засега тоа нема да го преземат. Напротив, тие се отворени секогаш за соработка и поддршка на претставниците од општините, бидејќи токму тие податоци значајно придонесуваат за идните насоки на креирање на родовите политики на државата. Потсетија уште еднаш на важноста на статистичките родови податоци во општинските програми, а особено на вклучувањето на мерливи индикатори кои треба да укажат на напредокот или потфрлањето во даден дел од родовата еднаквост во општината, како и на важноста на креирањето на родово базиран буџет. Ги информираа присутните за подготовката на извештајот од Акцискиот план 2025 – 2027 година, од Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027 година и ги информираа присутните дека во работна верзија е изработена Националната стратегија за превенција и заштита од родово базирано насилство врз жените и семејното насилство 2026 – 2033 година, за што следуваат и јавни расправи во кои ќе бидат вклучени општините и координаторите и претставниците на комисиите за еднакви можности.

gjitha komunat u theksua se koordinatori dhe zëvendësi për mundësi të barabarta është një person i emëruar, i cili në të njëjtën kohë ka pothuajse edhe dhjetë emërime të tjera për realizimin e detyrave të tjera. Megjithatë, të gjithë theksuan se është inkurajues fakti që ka edhe persona të cilët gjatë prezantimit në këtë takim shprehën se pas sistematizimit të vendeve të punës në komunë kanë një pozicion pune si koordinator për mundësi të barabarta, domethënë nuk janë emëruar.

### Dorëzim i domosdoshëm i raporteve vjetore për barazi gjinore të komunave deri tek MPSDR

Përfaqësuesit nga Ministria e Politikës Sociale, Demografisë dhe Rinisë Svetllana Cvetkovska, udhëheqëse e Sektorit për mundësi të barabarta në MPSDR dhe Selver Zendeli, këshilltar në këtë sektor, theksuan se bashkëpunimi me BNJVL-në është jashtëzakonisht i rëndësishëm dhe se do të vazhdojë edhe në periudhën e ardhshme. Ata për një pjesë të raporteve vjetore që komunat i dërgojnë në ministri theksuan se ato janë të mbushura me të dhëna dhe tregojnë përparim, por se marrin edhe një formular të zbrazët në të cilin qëndron vetëm nënshkrimi dhe vula e komunës. Të pranishmit theksuan një mundësi ligjore për sanksionimin e këtyre veprimeve, por për tani nuk do ta ndërmarrin atë, por se janë gjithmonë të hapur për bashkëpunim dhe mbështetje të përfaqësuesve nga komunat, pasi pikërisht ato të dhëna kontribuojnë ndjeshëm për drejtimet e ardhshme të krijimit të politikave gjinore të shtetit. Ata përkujtuan edhe një herë rëndësinë e të dhënave statistikore gjinore në programet komunale, veçanërisht për përfshirjen e indikatorëve të matshëm që duhet të tregojnë përparimin ose dështimin në një pjesë të barazisë gjinore në komunë, si dhe rëndësinë e krijimit të buxheteve të bazuara në gjini. I informuan të pranishmit për përgatitjen e raportit nga Plani aksionar 2025-2027, nga Strategjia për barazinë gjinore 2022-2027 dhe i informuan të pranishmit se në një version të punës është përgatitur Strategjia kombëtare për parandalimin dhe mbrojtjen nga dhuna e bazuar në gjini dhe dhuna familjare 2026-2033, për të cilën do të pasojnë diskutime publike në të cilat do të përfshihen komunat dhe koordinatorët dhe përfaqësuesit e Komisioneve për mundësi të barabarta.








## ДЕЛЕГАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА ОПШТИНИ НА АЛБАНИЈА ВО ПОСЕТА НА ЗЕЛС

Дванаесетчлена делегација на претставници од Националната асоцијација на општини на Албанија (НАМА), предводена од извршната директорка Аделина Фаричи, на 3 март 2026 година беше во работна посета на ЗЕЛС. Делегацијата беше составена од вработени од НАМА, претставници на форумите на НАМА од општините: Леж, Каваја, Берат, Лушња, Росковец, како и замениците-градоначалници на општините Елбасан и Булкиза и генералниот секретар на Општина Круја. Целта на посетата беше да се разменат искуствата и добрите примери од работењето на двете асоцијации и преземените активности во насока на натамошен развој на децентрализацијата на власта во двете земји.

Гостите од Албанија особено сакаа да се запознаат со начинот на финансирање на ЗЕЛС, но и со поддршката што таа им ја дава на општините во процесот на спроведување на надлежностите. Претставниците од НАМА нагласија дека започнуваат со реализација на новиот стратегиски план за периодот 2026 – 2030 година, па во таа насока беа заинтересирани за активностите што ги реализира ЗЕЛС како поддршка на општините, но и за заложбите за продлабочување на процесот на децентрализација на власта. Дел од присутните беа заинтересирани за прашања од областите што се во нивниот делокруг на обврски во асоцијацијата, како што се: образованието,

## DELEGACION NGA SHOQATA KOMBËTARE E BASHKIVE TË SHQIPËRISË NË VIZITË TË BNJVL-SË

Delegacion dymbëdhjetë anëtarësh i përfaqësuesve të Shoqatës kombëtare të bashkive të Shqipërisë (SHKBSH) të udhëhequra nga drejtoresha ekzekutive, Adelina Farrici, ishte në vizitë pune në BNJVL, më 3 mars, 2026. Delegacioni përbëhej nga të punësuar nga NAMA, përfaqësues të forumeve në SHKBSH nga bashkitë: Lezhë, Kavajë, Berat, Lushnjë, Roskovec, si dhe zëvendës-kryetarët e bashkive: Elbasan dhe Bulqizë dhe sekretari gjeneral i bashkisë së Krujës. Qëllimi i vizitës ishte të shkëmbehen përvojat dhe praktikat e mira nga puna e të dy asociacioneve në fjalë dhe aktivitetet e ndërmarra në drejtim të zhvillimit të mëtejmë të decentralizimit të pushtetit në të dy vendet.

Mysafirët nga Shqipëria shprehën interesim të veçantë të njihen me mënyrën e financimit të BNJVL-së, por edhe me përkrahjen që u'a jep komunave në procesin e zbatimit të kompetencave. Përfaqësuesit e SHKBSH theksuan se fillojnë me realizimin e Planit të ri Strategjik për periudhën 2026-2030, prandaj në këtë drejtim shfaqën interesim për aktivitetet që i realizon BNJVL si përkrahje ndaj komunave, por edhe me përpjekjet dhe thellësimin e procesit të decentralizimit të pushtetit. Disa nga të pranishmit u interesuan për çështje në fushat që janë brenda fushëveprimit të tyre të përgjegjësive në shoqatë, siç janë: arsimi; kopshtet; furnizimi me ujë, shërbimet

градинките, водоснабдувањето, санитарните услуги и отпадот и за организираноста на општините во однос на цивилната заштита. Исто така, беа поставувани прашања и за предизвиците при спроведувањето на проектите од прекуграничната соработка, преку ИПА-фондовите, но и за начинот на прибавување средства што општините треба да ги обезбедат од сопственото учество.

Претставниците од ЗЕЛС, предводени од извршната директорка на ЗЕЛС Душица Перишиќ, со задоволство ги пренесоа своите долгогодишни искуства од работењето во Заедницата. Тие посочија низа позитивни искуства од активностите реализирани во општините, но говореа и за предизвиците со кои се соочува локалната власт во нашата земја. Се говореше за предизвиците во лобирањето за поголема финансиска стабилност на општините, но и за предизвиците поврзани со активностите поврзани со комуналните услуги, управувањето со отпадот, цивилната заштита, образованието. Беше констатирано дека двете асоцијации во најголем процент се финансираат со средства од членарината од нивните членки, а дополнително и со средства од реализирањето на разни проекти што ги спроведуваат во насока на поддршка на општините. Нагласено беше дека и кај двете асоцијации голем предизвик претставува наплатата на членарината, поради лошата финансиска состојба на општините, а притоа беше изнесено искуството на ЗЕЛС, поврзано со користењето на електронските услуги. На крајот од средбата, претставниците од двете асоцијации се сложија дека непосредната размена на искуства во работењето на асоцијациите од регионот може да придонесе кон поголема и поквалитетна поддршка на општините и кон јакнење на локалната власт во регионот.

e kanalizimeve dhe mbeturinat dhe organizimi i komunave në fushën e mbrojtjes civile. U bënë pyetje edhe rreth sfidave në zbatimin e projekteve të bashkëpunimit ndërkufitar, përmes fondeve IPA, por edhe rreth mënyrës së sigurimit të fondeve që komunat duhet të sigurojnë nga pjesëmarrja e tyre.

Përfaqësuesit e BNJVL-së, të udhëhequr nga Drejtoresha Ekzekutive e BNJVL-së, Dushica Perishiq, me kënaqësi ndanë përvojën e tyre shumëvjeçare të punës në Bashkësi. Ata theksuan një numër përvojash pozitive nga aktivitetet e realizuara në komuna, por diskutuan edhe mbi sfidat me të cilat përballet pushteti lokal në vendin tonë. Ata folën për sfidat në lobimin për stabilitet më të madh financiar të komunave, por edhe për sfidat që lidhen me aktivitetet në fushat e shërbimeve komunale, menaxhimit të mbeturinave, mbrojtjes civile dhe arsimit. U konkludua se të dy shoqatat financohen në një masë të madhe nga tarifat e anëtarësimit të anëtarëve të tyre, si dhe nga fondet nga zbatimi i projekteve të ndryshme që ato zbatojnë në mbështetje të komunave. U konkludua se te të dy asociacionet sfidë paraqet arkëtimi i anëtarësisë për shkak të gjendjes së keqe financiare të komunave, për shkak të gjendjes së keqe financiare të komunave, me ç'rast u prezantua përvoja e BNJVL-së, lidhur me shfrytëzimin e shërbimeve elektronike. Në fund të takimit, përfaqësuesit e të dy asociacioneve u dakorduan se shkëmbimi i drejtpërdrejtë i përvojave në punën e asociacioneve nga rajoni mund të kontribuojë drejt përkrahjes më të madhe dhe më cilësore të komunave dhe drejt përforcimit të pushtetit lokal në rajon.












## ЗЕЛС ЗАПОЧНА СО ЦИКЛУС СОВЕТУВАЊА ЗА СОВЕТНИЦИТЕ ОД ОПШТИНИТЕ ОД СИТЕ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ

Од 26 март 2026 година па до средината на април, ЗЕЛС, во соработка со УНДП, започна серија советувања за општинските советници во насока на нивно подетално запознавање со организацијата и надлежностите на единиците на локалната самоуправа; правната рамка на која се гради локалната власт; обврските на општинскиот совет, како и улогата на ЗЕЛС како единствена организација во која се обединети сите општини во земјата. Целта е да се обезбеди што поефикасна и одговорна реализација на обврските што ги имаат општинските советници во рамките на спроведувањето на надлежностите на локално ниво. Овие активности ќе се реализираат во согласност со Акцискиот план на ЗЕЛС за 2026 година и во соработка со проектот „Зајакнување на општинските совети – фаза 2", спроведуван од УНДП, за чии цели и задача присутните добија дополнителни сознанија.

Традиционално, ЗЕЛС, по завршувањето на секој изборен циклус на локалната власт, спроведуваше воведни обуки за определен број делегати од секој општински совет, кои се одржуваа во просториите на ЗЕЛС. Оваа година, за првпат овие советувања ќе имаат

## BNJVL FILLOI ME CIKLIN E KËSHILLIMEVE PËR KËSHILLTARËT NGA KOMUNAT E TË GJITHA RAJONEVE PLANIFIKUESE

Nga 26 marsi, 2026, e deri në mesin e prillit, BNJVL në bashkëpunim me UNDP filloi një sërë këshillimesh për këshilltarët komunalë, në drejtim të informimit më detajues me organizatën dhe kompetencat e njësive të vetëqeverisjes lokale; korniza ligjore në bazë të të cilës ndërtohet pushteti lokal; obligimet e Këshillit të komunës, si dhe roli i BNJVL-së si organizatë e vetme me të cilën janë ndërtuar të gjitha komunat në vend. Qëllimi është të sigurohet realizim sa më efikas dhe i përgjegjshëm i obligimeve që i kanë këshilltarët komunalë në kuadër të zbatimit të kompetencave në nivel lokal. Aktivitetet e lartpërmendura do të realizohen konform Planit aksional të BNJVL-së për vitin 2026 dhe në bashkëpunim me projektin "Përforcim i këshillave komunale - Faza 2", të zbatuar nga UNDP, për qëllimet dhe detyrat e së cilit të pranishmit morën informacione plotësuese.

Në të vërtetë, BNJVL, tradicionalisht, pas përfundimit të çdo cikli zgjedhor të pushtetit lokal, zhvilloi trajnime hyrëse për një numër të caktuar delegatësh nga secili këshill komunal, dhe ato u mbajtën në ambientet e BNJVL-së. Këtë vit, për herë të parë, të gjithë anëtarët e këshillit të secilës komunë

можност да ги проследат сите членови од советот на секоја општина во земјава. Советувањата се поделени по плански региони, при што ќе има спојување кај четири плански региони, па ќе бидат реализирани вкупно шест вакви советувања. ЗЕЛС испраќа поединечна покана до секој советник, преку електронските адреси што ги собра во базата на податоци за советниците, активност што ја реализира по завршувањето на локалните избори и формирањето на општинските совети. Во поканата ќе биде утврдена агендата, како и местото и времето на одржување на советувањето во дадениот регион.

Исто така, по секој изборен циклус ЗЕЛС подготвува „Прирачник, водич низ надлежностите за новоизбраните градоначалници и членови на советите на општините“ што по електронски пат им го доставува на сите советници на нивните електронски адреси и кој стои на веб-страницата на ЗЕЛС www.zels.org.mk, во делот „Изданија“. Прирачникот претставува своевиден водич, каде од едно место може да се црпат значајни информации потребни при донесувањето на важни одлуки од локално значење. За утврдените теми на советувањето, пред присутните ќе говорат Душица Перишиќ, извршен директор на ЗЕЛС, Ардита Дема-Мехмети, заменик-извршен директор, Виктор Арнаудоски, раководител на сектор во ЗЕЛС и Лејла Небиу, претставник од УНДП.

në vend do të kenë mundësinë të marrin pjesë në këto konsultime, me konsultime të ndara sipas rajoneve planifikuese, me një bashkim në katër rajone planifikuese, kështu që do të mbahen gjithsej gjashtë konsultime të tilla. BNJVL do t'i dërgojë një ftesë në mënyrë individuale secilit këshilltar, përmes adresave elektronike që ka mbledhur në bazën e të dhënave të këshilltarëve, aktivitet që e kryen pas përfundimit të zgjedhjeve lokale dhe formimit të këshillave komunale. Ftesa do të specifikojë rendin e ditës, si dhe vendin dhe kohën e mbajtjes së konsultimit në rajonin e caktuar.

Gjithashtu BNJVL pas çdo cikli përpilon “DORACAK: udhëzues drejt kompetencave për kryetarët dhe anëtarët e sapo zgjedhur të këshillave të komunave“ që në mënyrë elektronike u dorëzohet të gjithë këshilltarëve në adresën e tyre elektronike, e gjithashtu i vendosur në faqen e internetit të BNJVL-së www.zels.org.mk në pjesën “Publikime”. Doracaku është një lloj udhëzuesi, ku nga një vend mund të nxirrni informacione të rëndësishme të nevojshme kur merrni vendime të rëndësishme me rëndësi lokale. Lidhur me temat e përcaktuara të këshillimit, para të pranishmëve do të diskutojnë Dushica Perishiq, drejtor ekzekutiv i BNJVL-së, Ardita Dema-Mehmeti, zëvendës drejtor, Viktor Arnaudoski, udhëheqës i sektorit në BNJVL dhe Lejla Nebiu, përfaqësues UNDP.









## Првото советување започна за советниците од општините од Скопскиот Плански Регион

Првото советување од овој циклус беше наменето за претставниците од општинските совети од Скопскиот Плански Регион, што се одржа на 26 март 2025 година, во хотелот „Александар Палас“ – Скопје. Интересот беше навистина голем и во двочасовните презентирања присутните имаа можност да се стекнат со најосновните познавања од процесот на децентрализација на власта во земјата, финансирањето на единиците на локалната самоуправа, со сите надлежности на општината, со значењето на советничките комисии, но и со организациската поставеност на ЗЕЛС и нејзиното значење за развојот на локалната власт. Се говореше за телата и органите на ЗЕЛС, каде посебен акцент беше ставен на улогата на Комитетот на советите при ЗЕЛС, еден од четирите најзначајни органи на Заедницата, составен од девет члена – советници, (по еден претставник од секој плански регион и од претседателот на Советот на Град Скопје, член по функција). Членовите на ова тело воедно се и делегати на Генералното собрание на ЗЕЛС, а претседателот и потпретседателот на ова тело се и членови на Управниот одбор на ЗЕЛС. Беше нагласена поддршката што ЗЕЛС им ја дава на општините и општинската администрација, преку двете единици во ЗЕЛС: ЗЕЛС тренинг центарот и Единицата за поддршка на електронските услуги. Беа нагласени и заложбите на ЗЕЛС за натамошен развој на процесот на децентрализација на власта, каде во следниов период приоритет претставува децентрализирањето на надлежностите во однос на социјалните услуги. Се нагласи и потребата од зголемување на финансиската стабилност на општините, која засега е на многу незадоволително ниво, што се гледа и од податокот дека учеството на општините во БДП изнесува 4,9 односно 5 %.

## Këshillimi i parë filloi për këshilltarët nga komunat e Rajonit planifikues të Shkupit

Këshillimi i parë, nga ky cikël, është dedikuar për përfaqësuesit e këshillave komunale nga Rajoni Planifikues i Shkupit, që u mbajt më 26 mars, 2026 në hotelin "Aleksandar Palas" Shkup. Interesi ishte vërtet i madh dhe në prezantimet dy-orëshe, të pranishmit patën mundësinë të fitojnë njohuritë më themelore për procesin e decentralizimit të pushtetit në vend, financimin e njësive të vetëqeverisjes lokale, të gjitha kompetencat e komunës, rëndësinë e Komiteteve të Këshillave, por edhe strukturën organizative të BNJVL-së dhe rëndësinë e saj për zhvillimin e vetëqeverisjes lokale. Diskutimi u përqendrua në organet dhe trupat e BNJVL-së, ku theks i veçantë u vu në rolin e Komitetit të Këshillave në kuadër të BNJVL-së, një nga katër trupat më të rëndësishëm të Asociacionit, i përbërë nga nëntë anëtarë-këshilltarë (një përfaqësues nga secili rajon planifikues dhe kryetari i Këshillit të Qytetit të Shkupit, anëtar sipas funksionit). Anëtarët e këtij trupi janë edhe delegatë në Kuvendin Gjeneral të BNJVL-së, ndërsa kryetari dhe nënkryetari i këtij trupi janë edhe anëtarë të Bordit drejtues të BNJVL-së. U theksua përkrahja që BNJVL u'a dha komunave dhe administratës komunale, përmes dy njësive në BNJVL: Qendra e trajnimeve e BNJVL-së dhe Njësia për përkrahjen e shërbimeve elektronike. U theksuan edhe përpjekjet e BNJVL-së për zhvillimin e mëtejmë të procesit të decentralizimit të pushtetit, ku prioritet në këtë periudhë, i është dhënë decentralizimit të kompetencave në pjesën e shërbimeve sociale, por edhe për nevojën e rritjes së stabilitetit financiar të komunave, që tani për tani është në një nivel jo të kënaqshëm, gjë që e tregon edhe e dhëna se pjesëmarrja e komunave në BPV përmban 4,9 raport 5%.



## Проект „Зајакнување на општинските совети – фаза 2“

Од големо значење за советниците е и реализацијата на проектот „Зајакнување на општинските совети – фаза 2“, кој во нашата земја го спроведува УНДП, а е финансиран од швајцарската влада и во партнерство со повеќе институции, меѓу кои и Министерството за локална самоуправа. Проектот има повеќе цели: системско и одржливо подобрување на работата на општинските совети и дополнително зајакнување и унапредување на системот на локалната самоуправа; зголемено учество на граѓаните за одржување на локалната демократија и подобрување на квалитетот на живеење на жените и мажите и подобрени општински услуги преку користење на технологијата и иновациите. Од посебно значење беше презентацијата на платформата за е-учење (https://opstinski.mk/) на која може да пристапи секој советник и да најде богата библиотека од законски и подзаконски акти и извештаи поврзани со локалната власт, како и содржината на сите модули од 11 области на обуки што се реализираат за советниците. Не е од помало значење и е-контролната табла за финансиски извештаи на општините (https://indikatori.opstinskisoveti.mk/).

## Советување за советниците од општините од Североисточниот Плански Регион

Советувањето на советниците од општините од Североисточниот Плански Регион се одржа на 27 март 2026 година во просториите на Занаетчискиот дом во Куманово, што го обезбеди Општина Куманово. Целта е да се обезбеди што поефикасна и одговорна реализација на обврските што ги имаат општинските советници во рамките на спроведување на надлежностите на локално ниво. Присутните подетално се запознаа со

## Projekti “Fuqizim i këshillave komunale - Faza 2“

Tejet e rëndësishme për këshilltarët është edhe realizimi i Projektit “Fuqizim i këshillave komunale-Faza 2“, që i implementon në vendin tonë UNDP, ndërsa financohet nga Qeveria Zvicerane dhe në partneritet me më shumë institucione, midis të cilave edhe Ministria për vetëqeverisje lokale. Projekti ka më shumë qëllime; Përmirësim sistematik dhe i qëndrueshëm i punës së këshillave komunale dhe përforcim e avancim i mëtejshëm i sistemit të vetëqeverisjes lokale; Rritja e pjesëmarrjes së qytetarëve në ruajtjen e demokracisë lokale dhe përmirësimin e cilësisë së jetës së femrave dhe meshkujve; si dhe Përmirësimi i shërbimeve komunale përmes përdorimit të teknologjisë dhe inovacionit. Me rëndësi të veçantë ishte prezantimi i platformës së e-learning. (https://opstinski.mk/ ) në të cilën çdo këshilltar mund të hyjë dhe të gjejë një bibliotekë të pasur me akte ligjore dhe nënligjore dhe përmbajtje që lidhen me vetëqeverisjen lokale, si dhe përmbajtjen e të gjitha moduleve nga 11 fushat e trajnimit që zbatohen për këshilltarët. Me të njëjtën rëndësi janë edhe E-kontrolli i tabelës për raporte financiare të komunave ( https://indikatori.opstinskisoveti.mk/ ).

## Këshillim për këshilltarët nga komunat e Rajonit planifikues Verilindor

Këshillim për këshilltarët nga komunat e Rajonit Planifikues Verilindor u mbajt më 27 mars, 2026 në hapësirat e Shtëpisë së zejtarëve nga Kumanova, që e siguroi komuna e Kumanovës. Qëllimi është të sigurohet zbatimi më efikas dhe më i përgjegjshëm i detyrimeve të këshilltarëve komunalë në kuadër të zbatimit të kompetencave në nivel lokal. Të pranishmit u informuan më detajisht me strukturën organizative të BNJVL-së dhe punën e organeve dhe trupave më të rëndësishëm, me theks të veçantë në rolin e Komitetit



организациската структура на ЗЕЛС и работата на најважните органи и тела, при што посебен акцент беше ставен на улогата на Комитетот на советите при ЗЕЛС, составен од девет члена, сите од редот на советници. Освен најважната улога на ЗЕЛС – застапување и лобирање за ставовите и интересите на сите општини пред централната власт, исто така присутните беа запознаени и со другите услуги што ЗЕЛС им ги дава на општините во однос на јакнењето на капацитетите на општинската администрација, преку ЗЕЛС тренинг центарот, и поддршката за користење на електронските системи за издавање на одобрение за градење; за градежно земјиште и електронско јавно наддавање за спроведување на постапката за продажба и давање под закуп на недвижни и движни ствари. Присутните добија соодветни информации и за надлежностите на единиците на локалната самоуправа; правната рамка на која се гради локалната власт, но и корисни информации за обврските на општинскиот советот и конфликтот на интереси на членовите на советот. Притоа беа посочени и комисиите што се формираат во рамките на советот, како и други тела, меѓу кои: комисија за еднакви можности, за што ЗЕЛС изработи и Практичен водич за КОМЗ https://zels.org.mk/Upload/Documents/02prak%20vodic%20MAK%20za%20web%20celosno.pdf; потоа совет за заштита на потрошувачите; општински совети за превенција на детското престапништво и локални младински совети.

të Këshillave pranë BNJVL-së, i përbërë nga nëntë anëtarë, të gjithë nga radhët e këshilltarëve. Përveç rolit më të rëndësishëm të BNJVL-së në përfaqësimin dhe lobimin e pikëpamjeve dhe interesave të të gjitha komunave para pushtetit qëndror, të pranishmit u informuan edhe me shërbime të tjera që BNJVL u ofron komunave në aspektin e përforcimit të kapaciteteve të administratës komunale, përmes Qendrës së Trajnimit të BNJVL-së dhe në aspektin e mbështetjes për përdorimin e sistemeve elektronike për lëshimin e lejeve të ndërtimit; për tokën ndërtimore dhe ankandin publik elektronik për zbatimin e procedurës për shitjen dhe dhënien me qira të pasurive të patundshme dhe të tundshme. Të pranishmit morën informacione të përshtatshme rreth kompetencave të njësive të vetëqeverisjes lokale; kornizës ligjore mbi të cilën është ndërtuar vetëqeverisja lokale, si dhe informacione të dobishme rreth detyrimeve të Këshillit komunal dhe konfliktit të interesave të anëtarëve të Këshillit. U përmendën edhe komitetet e themeluara në kuadër të Këshillit, si dhe organe të tjera, duke përfshirë: Komitetin për Mundësi të Barabarta, për të cilin BNJVL përgatiti edhe Udhëzues praktik për KMMB https://zels.org.mk/Upload/Documents/02prak%20vodic%20MAK%20za%20web%20celosno.pdf; pastaj për Këshillin për mbrojtjen e konsumatorëve; Këshillat komunale për Parandalimin e Delikuencës së të Miturve dhe Këshillat Lokale Rinore.













## КОМИСИЈАТА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ ПРИ ЗЕЛС ЈА ОДРЖА ПРВАТА СЕДНИЦА

Комисијата за животна средина и комунални дејности при ЗЕЛС, на 31 март 2026 година во просториите на административната зграда на ЗЕЛС, ја одржа првата седница на која беше утврден новиот состав на градоначалници – членови на ова тело. За претседател на Комисијата, Управниот одбор на ЗЕЛС, на својата втора седница, го назначи градоначалникот на Општина Сопиште, Јане Мицевски, поради неговото солидно искуство во оваа област, како директор на ЈП Депонија „Дрисла“, Скопје. Присутните на седницата го избраа Даут Мемиши, градоначалник на Општина Теарце за заменик-претседател на Комисијата. Професионалното искуство, работењето во оваа област или познавањето на предизвиците во комуналните дејности и заштита на животната средина во локалната власт, беа поважните критериумите за избор и на останатите членови на Комисијата. Беше посочено дека во следниот период ќе биде избран и уште еден градоначалник за да се обезбеди состав од девет члена на Комисијата. Впрочем, беа избрани: Стевче Стефановски, градоначалник на Општина Новаци; Митко Костадиновски, градоначалник на Општина Виница; Онер Јакупоски, градоначалник на Општина Маврово-Ростуше; Даут Мемиши, градоначалник на Општина Теарце; Тони Тоневски, градоначалник на Општина Пробиштип и Јован Тозиевски, градоначалник на

## KOMISIONI PËR MJEDIS JETËSOR DHE VEPRIMTARI KOMUNALE NË KUADËR TË BNJVL-SË MBAJTI SEANCËN E PARË

Komisioni për mjedis jetësor dhe veprimtari komunale në kuadër të BNJVL-së, më 31 mars 2026 në hapësirat e ndërtesës administrative të BNJVL-së mbajti seancën e parë në të cilën u përcaktua përbërja e re e kryetarëve të komunave-anëtarë në këtë trup. Bordi drejtues i BNJVL-së, në seancën e dytë, emëroi kryetarin e komunës së Sopishtes, Jane Micevski, për kryetar të këtij komisioni, për shkak të përvojës së tij të fortë në këtë fushë, si Drejtor i NP deponisë “Drisla”, Shkup. Të pranishmit në seancë zgjodhën Daut Memishin, kryetar e komunës së Tearcës, për nënkryetar të komisionit në fjalë. Përvoja profesionale, puna në këtë fushë ose njohja e sfidave në aktivitetet komunale dhe mbrojtjen e mjedisit në vetëqeverisjen lokale, ishin kriteret më të rëndësishme për përzgjedhjen e anëtarëve të tjerë në këtë Komision. U theksua se në periudhën e ardhshme do të zgjidhet një kryetar tjetër komune për të siguruar një Komision prej nëntë anëtarësh. Në të vërtetë, u zgjodhën: Stevçe Stefanovski, kryetar i Komunës së Novacit; Mitko Kostadinovski, kryetar i Komunës së Vinicës; Oner Jakuposki, kryetar i Komunës së Mavrovë-Rostushë; Daut Memishi, kryetar i Komunës së Tearcës; Toni Tonevski, kryetar i Komunës së Probishtipit dhe Jovan Tozievski, kryetar i Komunës së Resnjës. Në këtë seancë morën pjesë edhe anëtarët e Grupit Punues për Ujëra në

Општина Ресен. На оваа седница присуствуваа и членовите на Работната група за води на Мрежата за животна средина и комунални дејности на ЗЕЛС, составена од претставници од општинската администрација од оваа област, како и претставник од АДКОМ. На седницата беше изгласан и Деловникот за работа на Комисијата.

## Запознавање со досегашните активности

Заради обезбедување континуитет во работењето на новиот состав на Комисијата за животна средина и комунални дејности при ЗЕЛС, присутните беа запознаени со активностите и иницијативите што ги утврди претходниот состав на Комисијата. Беше нагласена лошата финансиска состојба во која се наоѓаат најголемиот број јавни комунални претпријатија во земјата и дека предизвиците стануваат уште посериозни по неодамна донесените пресуди на Европскиот суд за човекови права, што се однесуваат на извршување за наплата на парични побарувања. Се посочува на неспроведување на правосилните домашни судски одлуки од страна на државни и општински јавни претпријатија, кои се повикале на одредбите за т. н. „нужни средства за работење", согласно со член 218 од Законот за извршување. За уставноста и законитоста на оваа одредба веќе е поведена и иницијатива пред Уставниот суд на РСМ.

Присутните беа запознаени дека од страна на Работната група за води во рамките на Мрежата за животна средина и комунални дејности при ЗЕЛС и во корелација со Комисијата, направени се анализи на законската регулатива и утврдени се предлог-иницијативи за измени и дополнувања на трите закона: Законот за води; Законот за вода за пиење и одведување на отпадни води и Законот за комунални дејности. Утврдени се и препораки за преземање на следни активности што ќе придонесат за ефикасно работење на комуналните претпријатија, подобрување на нивната финансиска состојба, подобрување на техничката опременост и комуналната инфраструктура, низ еден сеопфатен системски пристап на заемна соработка меѓу ЈКП, општините и државните институции. Беше посочено дека по дискутирањето за утврдените предлог-модели на следните седници, донесените ставови на Комисијата ќе му бидат предложени на Управниот одбор на ЗЕЛС, по чија

kuadër të Rrjetit për Mjedis Jetësor dhe Veprimtari Komunale të BNJVL-së, i përbërë nga përfaqësues të administratës komunale në këtë zonë, si dhe një përfaqësues i ADKOM. Në seancë u votua edhe Rregullorja e Punës së Komisionit.

## Informim mbi aktivitetet e deritanishme

Me qëllim që të sigurohet vazhdimësia e punës së përbërjes së re të Komisionit për mjedis jetësor dhe veprimtari komunale në kuadër të BNJVL-së, të pranishmit u informuan me aktivitetet dhe iniciativat e përcaktuara nga përbërja e mëparshme e Komisionit. U theksua gjendja e keqe financiare në të cilën ndodhen shumica e ndërmarrjeve të shërbimeve publike në vend dhe se sfidat po bëhen edhe më serioze pas vendimeve të fundit të Gjykatës Evropiane për të Drejtat e Njeriut, të cilat kanë të bëjnë me arkëtimin e kërkesave monetare. Përmendet edhe moszbatimi i aktvendimeve të plotfuqishme gjyqësore vendase nga ana e ndërmarrjeve shtetërore dhe komunale, të cilat janë thirrur mbi dispozitat për të a.q. "mjete të nevojshme për punë", konform nenit 218 nga Ligji për përmbarim. Për kushtetutshmërinë dhe ligjshmërinë e kësaj dispozite tashmë është ngritur iniciativë para Gjykatës Kushtetuese të RMV.

Të pranishmit u informuan se Grupi punues për jjëra në kuadër të Rrjetit të mjedisit jetësor dhe Veprimtarive komunale në kuadër të BNJVL-së dhe në bashkëpunim me Komisionin, ka kryer analiza të rregulloreve ligjore dhe ka përcaktuar propozim-iniciativa për ndryshime dhe plotësime të tre ligjeve: Ligji për ujë; Ligji për ujë të pijshëm dhe largim të ujërave të zeza dhe Ligji për veprimtari komunale. Gjithashtu janë përcaktuar rekomandime për ndërmarrjen e aktiviteteve të mëposhtme që do të kontribuojnë në funksionimin efikas të ndërmarrjeve komunale, përmirësimin e gjendjes së tyre financiare, përmirësimin e pajisjeve teknike dhe infrastrukturës komunale, përmes një qasje gjithëpërfshirëse sistematike të bashkëpunimit të ndërsjellë midis NPK, komunave dhe institucioneve shtetërore. U theksua se pas diskutimit të modeleve të përcaktuara të propozimeve në seancat e ardhshme, qëndrimet e miratuara të Komisionit do t'i propozohen Bordit drejtues të BNJVL-së, me





одлука ќе се утврдат натамошните насоки на дејствување на Заедницата пред централната власт.

Според спроведените анализи, утврден е и високиот процент, односно околу 60 % на загуба на вода за пиење преку постојната водоводна инфраструктура. Нагласена беше потребата за уредување на сопственоста и регистрацијата на основните средства на јавните комунални претпријатија од причина што голем дел од инфраструктурата не е заведена во катастар, односно средствата не се вклучени во амортизациските планови и не може да се користат како основица за аплицирање на проекти. Присутните се согласија дека е потребно да се утврди централен регистар за следење на сопственоста и статусот на инфраструктурата и објектите на ЈКП. Присутните беа информирани и за препораките за одвојување на постојните одделенија за водни услуги како посебно претпријатие, бидејќи сега најчесто се наоѓаат во рамките на едно заедничко комунално претпријатие на општината, а потоа се обезбедува нивно здружување во едно регионално комунално претпријатие.

Препораки се донесени и за подобрување на методологијата за утврдување на тарифите за водните услуги. АДКОМ го преферира моделот според кој решението што го донесува Регулаторната комисија за утврдување на тарифите за водни услуги да е конечен и највисок акт со кој се утврдуваат цените на услугите на давателите на водни услуги. Претставниците од Комисијата, и во претходниот и во овој состав, нагласија дека е потребно добро да се размисли околу овој модел бидејќи на овој начин директно се загрозува процесот на децентрализација на власта. Имено, им се одзема надлежноста што сега ја имаат општинските совети, кои ја усвојуваат цената на водните услуги според претходно утврден тарифен распон даден од Регулаторната комисија. Ова прашање ја отвори и дилемата дали е неопходно првенствено да се пристапи кон зголемување на цената на водните услуги или да се започне со средување на состојбите во оваа област, па потоа да се пристапи кон примена на оваа непопуларна мерка. Беше отворено и прашањето за состојбите на заштитените зони на изворите на вода за пиење, каде има случаи кога во нивна непосредна близина се издаваат дозволи за градба. Исто така, беше посочено дека постојат сè уште неразрешени

vendimin e të cilit do të përcaktohen drejtimet e mëtejshme të veprimit të BNJVL-së para para pushtetit qendrore.

Sipas analizave të kryera, u përcaktua gjithashtu një përqindje e lartë, respektivisht rreth 60%, e humbjes së ujit të pijshëm përmes infrastrukturës ekzistuese të furnizimit me ujë. U theksua nevoja për të rregulluar pronësinë dhe regjistrimin e mjeteve fikse të ndërmarrjeve publike komunale, pasi një pjesë e madhe e infrastrukturës nuk është e regjistruar në kadastër, mjetet nuk janë përfshirë në planet e amortizimit dhe nuk mund të përdoren si bazë për aplikim për projekte. Të pranishmit ranë dakord se është e nevojshme të krijohet një regjistër qendror për të monitoruar pronësinë dhe statusin e infrastrukturës dhe objekteve të NKP. Të pranishmit u informuan gjithashtu rreth rekomandimeve për ndarjen e departamenteve ekzistuese të shërbimeve të ujit si një ndërmarrje e ndarë veçmas, pasi ato tani ndodhen më shpesh në një ndërmarrje të përbashkët komunale, ndërsa më pas sigurimin e bashkimit të tyre në një ndërmarrje komunale rajonale.

Rekomandimet janë miratuar edhe në pjesën e përmirësimit të metodologjisë për përcaktimin e tarifave për shërbimeve të ujit. ADKOM e preferon modelin sipas së cilit zgjidhjen që e aprovon Komisioni rregullator lidhur me përcaktimin e tarifave për shërbime të ujit të jetë përfundimtar dhe akt më i lartë me të cilin përcaktohen çmimet e shërbimeve të dhënësve të shërbimeve të ujit. Përfaqësuesit e Komisionit, si në përbërjen e mëparshme ashtu edhe në këtë përbërje, theksuan se është e nevojshme të mendohet me kujdes për këtë model sepse në këtë mënyrë kërcënohet drejtpërdrejt procesi i decentralizimit të pushtetit dhe po u hiqet kompetenca që kanë aktualisht këshillat komunale, të cilat miratojnë çmimin e shërbimeve të ujit në bazë të intervalit tarifor të përcaktuar më parë nga Komisioni rregullator. Kjo çështje hapi edhe dilemën nëse është e nevojshme që së pari të qasemi në një rritje të çmimit të shërbimeve të ujit, apo të fillohet duke zgjidhur situatën në këtë fushë, dhe pastaj të vazhdohet me zbatimin e kësaj mase të panjohur gjithandej. U ngrit edhe çështja e kushteve të zonave të mbrojtura të burimeve të ujit të pijshëm, ku ka raste kur lejet e ndërtimit u jepen në afërsi të tyre të menjëhershme. Gjithashtu u theksua se ende ka situata të pazgjidhura të





состојби на законско преземање на водоводи што се изградени од месното население, кое дава отпор за нивно предавање на локалното комунално претпријатие. Во таа насока беше посочено дека итно треба да се преземат мерки за мапирање на овие неформални извори на водоснабдување, со цел нивно ставање под контрола, за да не дојде до потенцијална опасност по квалитетот на водата за пиење. Беше посочена потребата од воведување на одредена кампања која би претставувала соодветна поддршка во активностите што во оваа насока треба да ги преземе општината и комуналното претпријатие.

### Нагласени заложбите на ЗЕЛС за воведување на општинска комунална полиција

Присутните беа информирани и за повеќегодишните заложби на ЗЕЛС за воведување на општинска комунална полиција. Беше нагласено дека за дел од овие активности во однос на утврдувањето законска рамка за оваа надлежност е дискутирано и од Комисијата за животна средина и комунални дејности и дека во изработениот Предлог на Законот за локална самоуправа веќе е утврдена и оваа надлежност. Во овој дел се предлага и воведување на софтверско решение за наплата на казните изречени од комуналните полицајци.

На крајот од седницата беше посочено дека обврските на оваа Комисија се многу комплексни и го опфаќаат и управувањето со отпадот, но дека интензивно се работи на изнаоѓање на најсоодветни решенија, уедначување на ставовите кои потоа ќе му бидат предложени на Управниот одбор на ЗЕЛС. Беше договорено следната седница на Комисијата, заедно со Работната група за води, да се одржи кон крајот на месец април.

marrjes në dorëzim ligjor të tubacioneve të ujit që janë ndërtuar nga popullsia lokale, e cila kundërshton dorëzimin e tyre te kompania lokale e shërbimeve. Në këtë drejtim, u theksua se duhet të merren masa urgjente për të hartëzuar këto burime informale të furnizimit me ujë, me qëllim që ato të vihen nën kontroll, në mënyrë që të mos paraqesin një rrezik potencial për cilësinë e ujit të pijshëm. U theksua nevoja për të inicimin e një lloj fushate të caktuar që do të përfaqësonte mbështetje të përshtatshme në aktivitetet që komuna dhe ndërmarrja komunale publike të ndërmarrin në këtë drejtim.

### U theksuan përpjekjet e BNJVL-së për themelimin e policisë komunale

Të pranishmit u informuan edhe për përpjekjet shumëvjeçare të BNJVL-së për të themeluar policinë komunale. U theksua se një pjesë e këtyre aktiviteteve në lidhje me krijimin e një kornize ligjore mbi këtë kompetencë është diskutuar nga Komisioni për mjedisi jetësor dhe veprimtari komunale dhe se kjo kompetencë është vendosur tashmë në Propozim - Ligjin e përpiluar për vetëqeverisje lokale. Në këtë pjesë gjithashtu propozohet edhe themelimi i zgjidhjeve softuerike për arkëtimin e gjobave të shqiptuara nga policët komunalë.

Në fund të seancës në fjalë, u përmend se obligimet e këtij Komisioni janë shumë komplekse dhe e përfshijnë edhe pjesën e menaxhimit me mbeturinat, por megjithatë në mënyrë intensive punohet në gjetjen e zgjidhjeve më adekuate, barazimin e qëndrimeve të cilat më tutje do t'i propozohen Bordit drejtues të Bordit drejtues të BNJVL-së. U dakordua që seanca e ardhshme e Komisionit, së bashku me Grupin punues për ujëra do të mbahet nga fundi i muajit prill.





## ПОДДРШКА НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА ОПШТИНАТА

На 23 март 2026 година, во просториите на ЗЕЛС тренинг центарот, ЗЕЛС, во соработка со Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (МЕРМС) организира работни средби за претставниците од општините од областа на енергетиката. Целта на овие средби беше тие подетално да се информираат за обврските на локалната власт, кои произлегуваат од Законот за енергетика, донесен во мај минатата година и од подзаконските акти што произлегуваат од него. Поконкретно, се дискутираше за содржината и изработката на општински годишен енергетски план, што е значајна законска обврска на општината, а што треба да е во согласност со Правилникот за изработка на годишен план за изградба на енергетски објекти и со Правилникот за формата, содржината и методологијата за изработка на општински енергетски план. Претставниците од општините беа поделени во две групи со цел поголема интерактивност во дискусијата со претставниците од МЕРМС.

„Во периодот од 1 јануари до 1 април, во тековната година, општината ги прима иницијативите од инвеститорите за изградба на енергетски објекти со инсталиран капацитет до 1 MW. Иницијативите пристигнати по овој период општината треба да ги одбие

## PËRKRAHJA E ADMINISTRATËS KOMUNALE PËR PËRPILIMIN E PLANIT PËR ENERGJETIKË TË KOMUNËS

BNJVL në bashkëpunim me Ministrisë për energji, miniera dhe burime minerale (MEMBM) më 23 mars, 2025, në hapësirat e Qendrës së trajnimeve të BNJVL-së organizon takime punuese për përfaqësuesit e komunave në lëminë e energjetikës, me qëllim të informimit të pushtetit lokal lidhur me obligimet më detajuese që rrjedhin nga Ligji për energjetikë, të miratuar në maj, vitin e kaluar dhe nga aktet ndërligjore që rrjedhin nga ky Ligj. Më konkretisht, u diskutua përmbajtja dhe përgatitja e Planit Vjetor për Energjetikë të Komunës, i cili është një detyrim i rëndësishëm ligjor i komunës, dhe i cili duhet të jetë në përputhje me Rregulloren për përgatitjen e një plani vjetor për ndërtimin e objekteve energjetike dhe Rregulloren për formën, përmbajtjen dhe metodologjinë për përgatitjen e një plani komunal të energjisë. Përfaqësuesit nga komunat u ndanë në dy grupe për të siguruar ndërveprim më të madh në diskutim me përfaqësuesit nga MEMBM.

"Në periudhën nga 1 janari deri më 1 prill, në vitin aktual, komuna merr iniciativa nga investitorët për ndërtimin e objekteve energjetike me kapacitet të instaluar deri në 1 MW. Iniciativat e pranuara pas kësaj periudhe duhet të refuzohen nga komuna si të paafatshme. Iniciativat, përveçse duhet të

како ненавремени. Иницијативите, освен што треба да се навремени, треба да содржат и комплетна потребна документација, утврдена со Законот. Врз основа на достасаните иницијативи, општината изработува работна верзија на годишен план за енергетика потпишан од градоначалникот и најдоцна до 15 мај, во тековната година го доставува до МЕРМС, кое по разгледувањето ѝ доставува одговор на општината. Согласно со забелешките од МЕРМС, општината го изработува годишниот план за енергетика и го доставува на одобрување од советот на општината и најдоцна до 1 јуни, во тековната година, заедно со примерок од службеното гласило на општината во кое е објавена одлуката на советот, го доставува до МЕРМС. Ваквиот план на општината се вклучува во годишниот план за енергетика што на предлог на МЕРМС, го гласа Владата на РСМ и што се донесува најдоцна до 31 декември, во тековната година. Овие поднесени иницијативи содржани во планот за енергетика за општината за 2027 година ќе влезат во планот на државата за истата година. Според законските одредби, Министерството за транспорт нема да издава одобренија доколку иницијативата не е дел од изгласаниот план за енергетика на општината". Ова накратко пред присутните го изложи државниот секретар на МЕРМС Горан Јовановски, кој, воедно, нагласи дека станува збор за голема реформа со која се воведува предвидливост во енергетскиот сектор во земјата, особено што преку навременото планирање треба да се постигне енергетска стабилност на мрежата, но исто така овозможува и заштита на потенцијалните инвеститори да не влегуваат во непотребни трошоци, односно инвестиции.

## Дискусија за содржината на планот за енергетика на општината

Присутните претставници од МЕРМС, од Правниот сектор и од Секторот за обновливи извори на енергија, потоа дискутираа за содржината на планот што треба да го подготви општината во согласност со Правилникот и методологијата. Беше посочено дека освен општи информации за самата општина и анализа на постојната состојба во енергетскиот сектор се утврдува и листата на прифатливи иницијативи од инвеститори наведени по азбучен ред. Накратко беше посочена и техничката документација што треба да ја достават инвеститорите во

jenë të parashtruara në kohë, duhet të përmbajnë edhe dokumentacionin e plotë të nevojshëm, siç përcaktohet me Ligj. Bazuar në iniciativat e duhura, komuna përpilon një version pune të Planit Vjetor të Energjisë të nënshkruar nga kryetari i komunës dhe jo më vonë se 15 maji i vitit aktual, i'a paraqet atë MEMBM, i cili, pasi e shqyrton, i paraqet një përgjigje komune. Në përputhje me vërejtjet nga MEMBM, komuna përgatit Planin Vjetor për Energjetikë dhe e parashtron atë për miratim nga Këshilli komunal dhe jo më vonë se 1 qershori i vitit aktual, së bashku me një kopje të Gazetës Zyrtare të komunës në të cilën është publikuar vendimi i Këshillit, ia paraqet atë MEMBM. Një plan i tillë komunal është përfshirë në Planin Vjetor të Energjisë, i cili, me propozim të MEMBM, votohet nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe i cili miratohet jo më vonë se 31 dhjetori i vitit aktual. Këto iniciativa të paraqitura të përfshira në Planin Komunal të Energjisë për vitin 2027 do të përfshihen në planin shtetëror për të njëjtin vit. Sipas dispozitave ligjore, Ministria për Transport dhe lidhje nuk do të lëshojë miratime nëse iniciativa nuk është pjesë e Planit të votuar Komunal të Energjetikës". Kjo u prezantua shkurtimisht të pranishmëve nga Sekretari Shtetëror i MEMBM, Goran Jovanovski, i cili gjithashtu theksoi se kjo është një reformë e madhe që themelon parashikueshmëri në sektorin e energjisë në vend, veçanërisht pasi planifikimi në kohë duhet të arrijë stabilitet energjetik të rrjetit, por gjithashtu siguron mbrojtje për investitorët potencialë nga ekzekutimi i shpenzimeve të panevojshme, pra investimeve.

## Diskutim mbi përmbajtjen e Planit për energjetikë të komunës

Përfaqësuesit e MEMBM nga sektori i parë dhe sektori i energjisë së rinovueshme diskutuan më pas përmbajtjen e planit që komuna duhet të përgatisë konform Rregullores dhe Metodologjisë. U theksua se përveç informacionit të përgjithshëm rreth vetë komunës dhe një analize të situatës aktuale në sektorin e energjisë, përcaktohet edhe një listë e iniciativave të pranueshme nga investitorët, të renditura sipas rendit alfabetik. Gjithashtu shkurtimish u paraqit





самата иницијатива, потоа кога треба да се обезбеди и инсталирање на интегриран складиштен систем на фотонапонската централа и запазувањето на обврската за полнење и празнење на системот од минимум два часа, како и други важни податоци што треба да ги следи општината. Се говореше и за изградба на енергетски централи на земјоделско земјиште и негова трансформација, како и за други прашања за кои беа заинтересирани претставниците од локалната власт. Присутните го изнесоа предизвикот со кој се соочуваат голем број општини во однос на недостатокот на административен кадар од областа на енергетиката и потребата за поголема вклученост во овој процес на претставниците од урбанизам. Од страна на МЕРМС беше предложено, доколку постои заинтересираност кај општините, да се одржат дополнителни средби во периодот меѓу 10 и 15 април 2026 година.

dokumentacioni teknik që investitorët duhet të paraqesin në vetë iniciativën, atëherë kur duhet të sigurohet instalimi i një sistemi të integruar të deponimit të termocentralit fotovoltaik dhe respektimi i detyrimit për të ngarkuar dhe shkarkuar sistemin për të paktën dy orë, si dhe të dhëna të tjera të rëndësishme që komuna duhet të monitorojë. U diskutua gjithashtu ndërtimi i centraleve energjetike në tokë bujqësore dhe transformimi i saj, si dhe çështje të tjera për të cilat përfaqësuesit e vetëqeverisjes lokale ishin të interesuar. Të pranishmit paraqitën sfidën me të cilën ballafaqohen shumë komuna në lidhje me mungesën e stafit administrativ në fushën e energjisë dhe nevojën për përfshirje më të madhe në këtë proces të përfaqësuesve të planifikimit urbanistik. Nga ana e MEMBM u propozua, se përderisa ekziston interesimi te komunat, të realizohen takime plotësuese në periudhën prej 10 deri më 15 prill, 2026.





ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0) 2 30 99 033
ул. „Копенхагенска“ бр. 5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT**

tel. +389 (0) 2 30 99 033
rr. Kopenhagenska nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk